**ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА**

**ПОМЕЃУ**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**И**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА**

Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика на Република Бугарија, именувани во натамошниот текст како „Договорни страни„ во својата желба да ја развиваат меѓусебната соработка во областа на трудот и социјалната политика, се договорија за следното:

## Член 1

Соработката помеѓу Договорните страни се развива во следните приоритетни области:

1. Законска и институционална рамка на националниот пазар за труд, државната политика во областа на пазарот за труд и мерките за социјалната заштита на невработените лица.

2. Системот на индустриските односи, социјалниот дијалог и колективните работни договори.

3. Мерки и програми за спречување на повеќегодишната невработеност и обезбедување на адекватна подршка на нееднакво поставените групи на пазарот за труд / лица, кои бараат вработување прв пат, лица со оштетувања и други /.

4. Финансирање на деловната политика на пазарот за труд и методи, користени за проценка на ефективноста.

5. Спроведување на државна политика во областа на безбедноста и здравството на работа. Реализација на ефективна контрола при придржување кон работното законодавство и превенцијата за спречување на работни незгоди.

6. Мерки за регулирање на работната миграција и заштита на националниот пазар за труд.

7. Механизми и методи за спроведување на политиката во областа на социјалната заштита на тие слоеви од населението, кои што имаат потреба преку социјална помош и овозможување на социјални услуги.

8. Еднакви можности за жените и мажите.

9. Општествено осигурување, вклучувајки законодавното регулирање на пензискиот државен и приватен систем; осигурување во случј на работна незгода и професионални заболувања.

10. Сите останати области, во кои ќе биде постигната заемна согласност меѓу Договорните страни.

## Член 2

Договорните страни прифаќаат без да се ограничуваат само со нив, следните облици на соработка во областите наведени во Член 1:

1. Меѓусебни експертски консултации со цел размена на искуства.

2. Меѓусебна размена на информативни материјали, законски и подзаконски акти во областа на трудот и социјалната политика.

3. Меѓусебна размена на специјалисти и стажанти со цел зголемување на нивната квалификација.

4. Меѓусебна размена на експертни мислења.

## Член 3

Договорните страни со заемна согласнос ќе потпишуваат двегодишни работни програми за соработка.

## Член 4

Активностите, наведени во двегодишните работни програми, ќе се реализираат во рамките на буџетските можности на Договорните страни.

Договорните страни се слагаат дневниците и трошоците за пат, сместување и престој на експертите да се преземаат од земјата испраќач, а земјата примач се ангажира со адекватните трошоци за организацијата на средбите, контактите и другите настани, наведени во соодветната експертска програма.

## Член 5

Дејностите, поврзани со планирањето, координацијата и извршувањето на постоечкиот Договор, се извршуваат:

Од страна на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија - од Секторот за меѓународна соработка;

Од страна на Министерството за труд и социјална политика на Република Бугарија - од дирекција „Европска интеграција и меѓународни односи„.

## Член 6

Постоечкиот Договор се склучува во времетраење на четири години и стапува на сила од датумот на неговото потпишување. Ако една од Договорните страни не го прекине преку писмено известување однапред, испратено по дипломатски пат до другата Договорна страна, зачувувајќи го тромесечниот рок за неговото прекинување, Договорот автоматски се продолжува за нови четири години.

Изготвен во …………….. на …………. 2003 година во два оригинални примерока, од кои секој на официјалните јазици на двете земји – на македонски јазик, согласно Уставот на Република Македонија и на бугарски јазик, согласно Уставот на Република Бугарија, при што и двата текста се идентични.

| | |
|---|---|
| **ЗА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:** | **ЗА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА:** |
| ____________________________ | ____________________________ |